НАСОКИ

за создавање аналитички приказни на онлајн медиумот
на заедницата *Локал Актив*

Анализата како новинарски жанр	*Анализата* е новинарски жанр кој оди подалеку од основните елементи на информирањето врз кои се потпира *веста* – кој, што, кога и каде? Таа подразбира подлабоко истражување и интерпретирање на собраните податоци и информации, со цел на читателите да им се даде подлабок увид во контекстот и во причините, односно последиците од некој значаен настан или појава. За сеопфатно да се разбере проблемот, во аналитичката приказна новинарите вообичаено даваат кус осврт врз потеклото на самиот проблем, се повикуваат на низа собрани податоци, користат повеќе различни извори и/или интервјуираат експерти за прашањето. За разлика од веста или извештајот, каде се информира само за фактите и се презентираат основни информации за некој настан, во анализата се навлегува под површината и на читателите им се дава многу понијансирана слика за темата што се обработува. Оттаму, анализата треба: (а) да ја открие и јасно да ја претстави суштината не некој проблем, појава или настан од локално значење; (б) да ја преиспита историјата и трендовите во развојот на проблемот или појавата и да направи проценка на нивното значење; (в) критички да се осврне врз неуспешните обиди или начини за решавање на проблемот; и (г) да укаже на можните решенија за проблемот.
Целта на аналитичките приказни на медиумот на заедницата *Локал Актив*	Целта на аналитичките приказни на Локал Актив е да откријат и да истражат локални прашања и проблеми кои или воопшто ги нема или пак ретко ги има во традиционалните медиуми, а кои имаат исклучително значење за локалните жители. Истражувањето на приказните треба да овозможи да посочиме каде точно е проблемот и оттаму да биде јасно извлечено *што е тоа што локалните заедници го бараат* од локалните или централните институции или *што е тоа што локалните заедници треба да го направат* за да си ја подобрат состојбата. Така, медиумот на заедницата не само што ја збогатува локалната јавната сфера со независни информации и анализи, туку станува и *никулец на идна граѓанска акција*. Нашите теми се однесуваат на причините за сиромаштијата, нееднаквоста, нефункционалноста на здравствениот систем, несоодветното образование, отсуството на заштита на животната околина и други важни прашања.

Поврзаност на објавените приказни со процесот на застапување на локалните ГО	Објавувањето на аналитичката приказна на медиумот на заедницата не е цел само за себе – од секоја приказна треба да произлезат едно или повеќе барања на локалните заедници кои некоја инстанција на моќ треба да ги задоволи. Овие барања се основа на секој застапувачки процес на локалните граѓански организации кои, соодветно на нивната мисија, треба да се заложат за нивно остварување. Но, аналитичките приказни се и повеќе од тоа – истражувајќи ги причините за проблемот тие треба да дојдат до информација за тоа кој е одговорен за неговото решавање и како тој да се реши. Така, истражувачкиот процес за аналитичката сторија на суштински начин ги структурира и елементите на идното застапување. На ГО кои ќе го прават застапувањето овој процес им укажува – како може да се дефинира проблемот, кој е одговорен за него, кој треба да го реши. Понатаму, ГО самите ја дефинираат патеката по која треба да се движи нивното застапување и активностите кои водат кон решавање на проблемот (види Насоки за застапување).

Принципи на работа за подготовка на една аналитичка приказна	**<u>Улога на авторите на приказните:</u>** **(i)** На секоја аналитичка приказна работи тим од двајца: Секоја аналитичка приказна ја работат еден професионален новинар и еден активист на граѓанска организација. Причината за тоа е што аналитичките приказни и циклусите на застапување ги гледаме како еден континуитет. Во сторијата се дефинира проблемот и се идентификуваат одговорните институции или субјекти за неговото решавање, а во подоцнежното застапување граѓанскиот активист работи со својата ГО на спроведување на активности за проблемот да се реши. **(ii)** Во тимот – професионалниот новинар и граѓанскиот активист имаат еднакви задолженија: Двајцата треба да се во постојана комуникација и да си ги делат задачите според тоа кој од нив двајца најлесно и најсоодветно може да ја заврши. Двајцата треба да дискутираат за да ги откријат причините за проблемот и оптоварувањето на работниот труд мора да биде подеднакво распоредено. **(iii)** Пред-знаењето за некоја тема е од голема важност, но тоа не смее да се земе како сигурно и дадено: Независно од тоа колку време граѓанскиот активист кој учествува во тимот работел на темата или колку ја познава - тој и професионалниот новинар мора да обезбедат докази за секоја реченица во текстот. Секој податок, статистика, изјава на засегната страна, секој истражувачки наод мора да се провери од независен извор. Довербата на читателите тешко се стекнува, но лесно се губи – непроверените, а објавени податоци и информации може да му наштетат значително на процесот на застапување, па наместо Локал Актив да им помогне на ГО, да се случи спротивното - да им отежне. **(iv)** Со секоја објавена сторија тимот треба да произведе и две вести: Граѓанскиот активист и професионалниот новинар имаат задача, освен сторијата, да напишат и да објават по една вест, но темата на веста не треба да биде поврзана со темата на сторијата, туку со некој друг настан или проблем од локално значење.

(v) Тимот треба да обезбеди и 'опрема' за текстот што треба да се објави на Локал Актив: Професионалниот новинар и граѓанскиот активист се должни да обезбедат фотографии, аудио или видео снимки, релевантни документи и друг вид евиденција што ги потпкрепува тврдењата содржани во сторијата.

Улога на уредниците:

(i) Секоја Локал Актив платформа има посебен уредник: Бидејќи идејата на Локал Актив е да се обезбеди максимално можен плурализам и диверзитет на теми, многу е важно да нема конвергенција и повторување на темите и да нема униформен начин на гледање на проблемите – од оваа причина, Локал Актив платформите имаат различна уредувачка политика и различни редакции.

(ii) Уредникот се грижи за квалитетот на целокупната содржина на Локал Актив: Уредникот е должен: (a) постојано да комуницира со тимовите кои се автори на аналитичките приказни, (b) да ги насочува тимовите како треба да го истражат проблемот и колку темелно треба да навлезат во темата, (c) да ги враќа текстовите на доработка доколку не ги задоволуваат критериумите за квалитет утврдени за Локал Актив, и (d) до тимот на РЕСИС да испраќа целосно истражени и завршени стории.

(iii) Уредникот има обврска да произведува дел од содржината на платформата: Уредникот има обврска за секоја сторија која ќе биде објавена на Локал Актив да произведе две вести кои не треба да бидат поврзани тематски со сторијата. Покрај тоа, повремено може да се појави потреба уредникот да треба да учествува во подготовка на сторија.

(iv) Уредникот има обврска да пишува и да испраќа записници од планирачките состаноци на кои се дефинираат темите за сториите: Пред да почнат тимовите да работат на некоја сторија, редакцијата на Локал Актив одржува планирачки состаноци на кои се прецизираат низа прашања. Записниците од состаноците ги изготвува Уредникот.

Чекори во процесот на подготовка на аналитичките приказни за медиумот на заедницата Локал Актив

Чекор 1: Генерирање тема и Планирачки состанок

- Тема за приказна може да предложи граѓанскиот активист, новинарот или уредникот на Локал Актив платформата.
- За секоја тема за која уредникот ќе процени дека може да биде интересна се организира 15-20 минутен ZOOM состанок на кој се решава дали ќе се работи на темата – тимот не треба да почне со истражување без да се одржи состанокот.
- На ZOOM состанокот се дискутира и за тоа на кој начин она што е истражено во сторијата треба да се опфати со процес на застапување од граѓанската организација.
- Граѓанскиот активист кој е дел од тимот за производство на сторијата мора со својата ГО да го сподели договореното, а потоа ГО да ги преземе обврските за спроведување на застапувањето.
- Кога се генерира тема на планирачки состанок активистот и новинарот треба да објаснат: (i) која е темата, (ii) зошто таа е вредна за објавување, (iii) како ќе се пристапи кон истражувањето, (iv) кој е рокот за нејзиното спроведување

Чекор 2: <u>Дефинирање агол и структура на приказната – синопсис</u>

- На ZOOM состанокот се договара аголот на приказната – „агол“ е точката на којашто приказната се фокусира и од којашто му го отвора проблемот на читателот. Една иста тема може да има многу агли. Изборот на еден агол не значи дека сторијата не треба да биде сеопфатна. На пример, ако приказната го има т.н. човечки агол (на пример, како од некоја локална депонија се уништени животите на месното население) тоа не значи дека во истата приказна не би нè интересирало зошто не се собира ѓубрето, кој е виновен за тоа, колку пари чини редовното собирање, кои видови животни повеќе не живеат во областа поради загадувањето, дали некој локален политички актер има корист од тоа што ѓубрето не се собира итн.
- Тимот кажува кои извори планира да ги консултира – под „извори“ овде не се подразбира примарно кои луѓе ќе ги праша за темата, туку многу повеќе од тоа - на пример, какви студии или извештаи може да се најдат за определена тема, кои новинарски или научни истражувања ќе ги прочита итн.

Чекор 3: <u>Деск и „брифинг“ истражување за темата</u>

- Врз основа на дадените инструкции, тимот (новинар + активист) ја истражува темата подлабоко. Првиот чекор секогаш треба да биде пребарување публикации од различни новинарски или научни истражувања, документи и извештаи од надлежни институции, како и анализи и објавени статии во медиуми на истата тема. Дополнителен метод на прелиминарно собирање податоци е „брифинг“ разговор со експертско лице кој ќе го упати тимот во проблемот. Целта на овој брифинг не е едноставно да се земе изјава, туку да се добие сумиран и продлабочен пристап до проблемот.
- Откако ќе ги собере основните информации и податоци, тимот навлегува во истражувањето на темата – доколку после деск истражувањето се покаже дека аголот на приказната треба да биде сменет, тој може да го смени аголот но за тоа треба да го извести уредникот.
- Тимот мора брзо да развие експертиза на темата пред да почне да навлегува во истражувањето. Неприфатливо е да се бараат изјави од засегнати страни без притоа тимот да има длабоко знаење коешто ќе спречи изворот да прикрие информации или да манипулира со својата изјава.

Чекор 4: <u>Интервјуирање, консултирање експерти и барање информации од институции</u>

- Во пристапувањето кон изворите на информации активистот и новинарот се идентификуваат како „новинари на Локал Актив“ и веднаш кажуваат дека работат на пишување сторија за Локал Актив. Ова независно дали изворите се неофицијални или официјални и независно од тоа дали им се пристапува усно или писмено.
- Од изворот <u>секогаш</u> се бара согласност за снимање или за пренесување на неговата изјава во текстот. Ова особено важи за извори кои се ранливи и кои Локал Актив има обврска да ги заштити. За официјалните извори (политички актери или институции) со самото давање изјава, се смета дека дале и согласност – освен ако тие експлицитно не наведат дека тоа што го кажуваат не е за објавување, туку за лично информирање на новинарот.
- Според етичките правила на Локал Актив, кога соговорникот сака да остане анонимен, изјавата во текстот се пренесува само во текстуална форма и со псевдоним или друга назнака, за да се зачува анонимноста. Во вакви случаи задолжително е тимот да се консултира со уредникот и со тимот на РЕСИС.

- За земените информации кои новинарот/активистот има намера да ги објави секогаш мора да има доказ – аудио или видео снимка или директен тренскрипт во бележникот на новинарот/активистот. Доколку има снимки – тие може да се искористат за опремување на текстот.
- Од снимките се прави транскрипт на делот од изјавата што треба да се објави во посебна рамка во текстот.
- На човечките извори им се пристапува со должна почит. Со официјалните извори се комуницира во оној момент кога новинарот/активистот е подготвен со знаење за темата. Неподготвен новинар/активист секогаш е во опасност да биде манипулиран од официјалниот извор.
- Кога има потреба за поднесување барање, повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, новинарот/активистот за содржината на барањето треба да се консултира прво со уредникот.

Чекор 5: <u>Пишување на приказната</u>

- Обврска за пишување на приказната имаат и новинарот и активистот – и во пишувањето на текстот треба да има фер поделба на трудот.
- Содржината и начинот на изразување во приказната мора да се оригинални. Никогаш не смее да се копира нечиј туѓ текст и да се претстави како сопствен. Доколку се цитираат мали парчиња од друг текст треба да се реферира на оригиналниот текст и соодветно да се обележи цитатот. Истото ова важи за вестите.
- Секоја приказна мора да е структурирана на следниот начин:

a) Текстот треба да е долг меѓу 3000 и 5000 зборови.
b) Текстот треба да содржи елементи на story-telling (наратив кој го претставува проблемот користејќи и описи на слики, мириси, да опишува развој на дејствие итн).
c) Во структурата на текстот треба да има параграфи кои ја објаснуваат суштината на проблемот на начин разбирлив за антиципираната публика.
d) Во текстот мора да има исцрпни показатели кои даваат аргумент за тоа дека проблемот навистина постои. Независно од тоа колку авторите го знаат проблемот – тие тоа треба да го покажат во текстот.
e) Во текстот треба да се парафразираат или да се цитираат мноштво извори вклучително и студии, истражувања, експертски позиции, изјави од засегнати страни.
f) Текстот мора да биде сеопфатен и во согласност со стандардите предвидени со Етичкиот Кодекс на новинарите на Македонија.
g) Пред текстот во црвена боја треба да бидат напишани рамки кои истакнуваат некои делови од текстот. (Во новинарската терминологија во Македонија оваа рамка се нарекува со различни имиња антерфиле (entrefilet) или снипет (snipet)).
h) Целата опрема за текстот треба да се испрати во дополнителен меил – текстот испратен за уредување треба да е чист, без слики во него.

Чекор 6: <u>Уредување на приказната</u>

- Финална верзија на текстот се испраќа до уредникот, но само откако се исцрпени сите можни патишта на истражување во приказната – до уредникот не треба да се испраќа суров материјал.
- Уредникот на таа верзија дава финални сугестии кои новинарот и активистот ги имплементираат.
- Таа верзија, уредникот ја подготвува за објавување во секој поглед – се грижи за јазикот, структурата, заштита на изворите, вистинитоста на содржината итн.
- Оваа верзија на приказната се испраќа на Координаторот на содржини од РЕСИС, кој исто така може да побара дополнувања и измени.

	• По вградувањето на сите дадени сугестии и забелешки, приказната уште еднаш ја проверуваат уредникот и Координаторот и потоа конечната верзија се дава на јазична проверка кај лектор. **Чекор 7: <u>Објавување на приказната</u>** • Приказната се објавува прво на Веб страницата на Локал Актив • До денот на објавување новинарот/активистот и уредникот треба да обезбедат опрема за илустрација на текстот – фотографии, снимки, документи итн. **Чекор 8: <u>Објавување барања на социјалните мрежи</u>** • Врз основа на содржината на приказната, нејзините автори во содејство со уредникот формулирата неколку куси конкретни барања за решавање на проблемот, упатени до надлежни институции и/или други субјекти. Барањата треба да произлезат од аргументите во текстот и мора да се прецизни – да посочуваат кон тоа кој и што треба да направи за да се исполнат. • Овие барања треба да се дел од барањата за застапувачките активности кои ќе бидат спроведени од граѓанската организација од која доаѓа активистот.

Исправка на грешки и реакции од граѓани	Сите информации и податоци објавени на Локал Актив мора да бидат проверени и поткрепени со извор или пак за нив мора да се биде транспарентен за тоа како е направена проценка за нивната точност и прецизност. Сепак, можно е да се случат грешки во текстовите и тие да бидат воочени откако текстот е објавен. • Доколку грешката е воочена од авторите на текстот или од уредникот, откако тој е објавен, за тоа веднаш мора да го известат тимот на РЕСИС и грешката да се поправи. • Доколку грешката е воочена од читател кој реагирал до тимот или до уредникот – тврдењето на читателот треба да се провери и доколку се утврди дека навистина има грешка таа да се поправи. • Доколку за текстот добиеме реакција од некој од изворите или нивни блиски, поврзани со вистинитоста на пренесените изјави, за реакцијата мора да се направи кус состанок и да ѝ се даде брз одговор на засегнатата страна – при тоа ако во внатрешна истрага се утврди дека тимот на Локал Актив е одговорен за грешката – веднаш да има исправка и извинување до тој што реагирал.